| | „Христо Узунов“ | |
| | „Петар Чауле“ | |
| | „Рашанец“ | |
| | „Охридска Архиепископија“ | |
| | „Аргир Маринчев“ | од пресек со „Климентов Универзитет“ до пресек со „Бранко Шотра“ |

| | | |
|---|---|---|
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до „Булевар Туристичка“ |
| | „Булевар Туристичка“ | од „Јане Сандански“ до „Абас Емин“ |
| | „Македонски Просветители“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до крај |
| | „Даме Груев“ | од „Македонски Просветители“ до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | „Димитар Влахов“ | од „Ванчо Николески“ до Гимназија |
| | „Караорман“ | од „Димитар Влахов“ до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | „Партизанска“ | од „Кузман Јосифоски Питу“ до „Јане Сандански“ |
| | „Јане Сандански“ | во пресек со Партизанска и бул.Туристичка |
| | „Славеј Планина“ | во пресек со „Партизанска“ и „Јане Сандански“ |
| | „Асном“ | од „Кеј Македонија“ до пресек со „Партизанска“ |
| | Студенчишта | прва линија |
| | „7ми Ноември“ | од „Булевар Туристичка“ до Крст - џамија |
| | | крајбрежен станбен и хотелски појас од Св.Стефан до Лагадин |
| III-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 460-500 бодови** | „Климентов Универзитет“ | краци |
| | „Димче Маленко“ | |
| | „Бранко Шотра“ | |
| | „Аргир Маринчев“ | од пресек со „Бранко Шотра“ до пресек со „Димче Маленко“ |
| | „11 Октомври“ | |
| | „Кирил и Методи“ | прва линија |
| | „Мите Богоевски“ | |
| | „Војдан Чернодриски“ | |
| | „Страшо Пинџур“ | |
| | „Серафим Китановски“ | |
| | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Кирил и Методи“ до „Пирин Планина“ |
| | „Васил Стефоски“ | главна улица |

| | | |
|---|---|---|
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Булевар Турстичка“ до пресек со „Беќир Али Риза“ |
| | „Партизанска“ | од „Јане Сандански до пресек со „Асном“ |
| | „Славеј Планина“ | крак од пресек со „Јане Сандански“ паралелно со „Булевар Туристичка |
| | „Асном“ | од „Партизанска“ до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | Студенчишта | втора линија |
| | Горица | прва линија до св.Стефан |
| | „Булевар Туристичка“ | од пресек со „Абас Емин“ до пресек со „Стив Наумов“ од пресек со „Јане Сандански“ до Билјанини извори |
| | „Караорман“ | од „Булевар Туристичка“ до крај |
| | „Богомилска“ | во пресек со „Даме Груев“ и „Булевар Туристичка“ |
| | „Даме Груев“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до пресек со „Караорман“ |
| | „Јане Сандански“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до кружен тек Болници |
| | „Никола Карев“ | |
| | „7ми Ноември“ | од „Булевар Туристичка“ до Крст џамија - краци |
| IV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 410-450 бодови** | „Нада Филева“ | |
| | „Кирил и Методи“ | краци |
| | „Андон Дуков“ | |
| | „Вардар“ | |
| | „Пирин Планина“ | |
| | „Илинденска“ | од Горна порта до „Гоце Делчев“ |
| | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Пирин Планина“ до пресек со „Крум Точков“ |
| | „Васил Стефоски“ | краци |
| | „Крум Точков“ | |
| | „Махмут Рифат“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | „Бистрица“ | од езеро до пресек со „Гоце Делчев“ |
| | „Шар Планина“ | од езеро до пресек со „Гоце Делчев“ |
| | | Станбен комплекс Даљан |
| | „Стив Наумов“ | од „Гоце Делчев“ до пресек со „Дејан Војвода“ |
| | „Асном“ | од пресек со „Булевар.Туристичка до пресек со „Карпош Војвода |
| | Бејбунар | |
| | Горица | втора линија |
| | „Лазо Трпоски“ | |
| | „Галичица“ | |
| | „Мирче Ацев“ | |
| | „Ванчо Питошески“ | |
| | „Карпош Војвода“ | |
| | „8 ми Септември“ | |
| | „Булевар Туристичка“ | од пресек со „Стив Наумов“ до пресек со „Бистрица“ |
| | „Даме Груев“ | од пресек со „Караорман“ до „Питу Гули“ |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Беќир Алириза“ до пресек со „Анастасија Узунова“ |
| | „Дејан Војвода“ | од пресек со „Абас Емин“ до пресек со „Македонски Просветители“ |
| | | „Христо Узунов станбен комплекс („Богомилска“, „Даме Груев“, „Ѓорче Петров“) |
| | „7ми Ноември“ | од Крст Џамија до пресек со „Егејска“ |
| V-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 360-400 бодови** | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Крум Точков“ до „Бистрица“ |
| | „Пере Тошев“ | |
| | „Ѓорѓи Ѓорески“ | |
| | „Петар Поп Арсов“ | |
| | „Илија Дуданоски“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | „Ариф Мустафа“ | главна улица |
| | „Бистрица“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до „Булевар Туристичка“ |
| | „Шар Планина“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до крај |
| | „Сатеска“ | |
| | „Булевар Туристичка“ | од пресек со „Бистрица“ до крај |
| | „Дејан Војвода“ | во пресек со „Булевар Туристичка“, „Абас Емин“ и „Стив Наумов“ |
| | „Богомилска“ | пресек со „Марко Несторoски“ |
| | „7ми Ноември “ | од Крст Џамија до „Егејска“ - краци |
| | „7ми Ноември “ | од „Егејска“ до АМСМ |
| | „Абас Емин“ | од „Беќир Али Риза“ до „Анастасија Узунова“ - краци |
| | „Беќир Алириза“ | со згради Слобода |
| | „Егејска“ | |
| | „Сирма Војвода“ | главна улица |
| | Болнички станбен комплекс | |
| | Станбен комплекс Галеш | |
| | „Марко Цепенков“ | од кружен тек болница до пресек со „Вангел Николоски“ |
| | „Питу Гули“ | од кружен тек Болници до „Дебрца“ |
| | „Св.Наум Охридски“ | до Лагадин |
| | Св.Стефан | |
| VI-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 310-350 бодови** | „Гоце Делчев“ | од „Бистрица“ до „Н.П. Русински“ и крак кон „Васил Стефоски“ |
| | „Ариф Мустафа“ | краци |
| | „Хаџи Мустафа“ | |
| | „Никола Петров Русински“ | |
| | „Мичо Гилиќ“ | |
| | „Трајче Трајчески“ | |
| | Распаќе | |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Анастасија Узунова“ до „Железничка“ |

| | | |
|---|---|---|
| | „Анастасија Узунова“ | |
| | „Тетовска“ | |
| | „Дејан Војвода“ | краци |
| | „Бистрица“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до „Железничка“ |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „Дејан Војвода“ до „Јабланица“ |
| | „7ми Ноември“ | од „Егејска“ до АМСМ - краци |
| | „Марко Цепенков“ | од „Вангел Николоски“ до пресек со „Момчило Јорданоски“ |
| | „Сирма Војвода“ | краци |
| | „Марко Несторoски“ | од Крст Џамија до пресек со „Васил Главинов“ |
| | „Питу Гули“ | од „Дебрца“ до „Марко Несторoски“ |
| | Лагадин | Прва линија на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| VII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 260-300 бодови** | „Гоце Делчев“ | Од „Никола П.Русински“ до крај |
| | | крајбрежен појас до Андон Дуков |
| | „Питу Гули“ | од пресек со „Марко Несторoски“ до „7ми Ноември“ |
| | „Питу Гули“ | краци до „Марко Несторoски“ |
| | „Дебарца“ | |
| | „Александар Гушо“ | |
| | „1ви Мај“ | |
| | „Марко Несторoски“ | од пресек со „Васил Главинов“ до крај |
| | „Ѓорче Петров“ | главна улица |
| | „Марко Цепенков“ | од пресек со „Момчило Јорданоски“ до Стобекс |
| | „Момчило Јорданоски“ | главна улица |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Анастасија Узунова“ до „Железничка“ - краци |
| | „Охридска Бригада“ | |
| | „Дејан Војвода“ | крак во пресек со „Крали Марко“ |

| | | |
|---|---|---|
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „Јабланица“ до „8ми Март“ |
| | „Јабланица“ | |
| | „Железничка“ | од АМСМ до „Егејска“ |
| | „Кленоец“ | од пресек со „Питу Гули“ до „Железничка“ |
| | Рача | над Хидробиолошки и Мегдани |
| | населба Исток | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| | Лагадин | |
| VIII-ма | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 210-250 бодови** | „Хаџи Мустафа“ | од „Булевар Туристичка“ кон Лакочереј |
| | Патерица | |
| | | на главен пат до Подмоље |
| | „Охридска Бригада“ | краци |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „8ми Март“ до Винарска Визба |
| | „Кузман Шапкарев“ | |
| | „Ѓорче Петров“ | краци |
| | „Васил Главинов“ | |
| | „Крсте Петков Мисирков“ | |
| | „Питу Гули“ | краци од „Марко Несторoски“ до „7ми Ноември“ |
| | „Вангел Николоски“ | |
| | „Трајче Дојчиноски“ | |
| | „Марко Цепенков“ | краци |
| | „Момчило Јорданоски“ | краци |
| | „Малесија“ | |
| | „Сирма Војвода“ | под бараки |
| | „АРМ“ („22 Декември“) | |
| | „Димо Хаџи Димов“ | |
| | „I МУБ“ | од „Трајче Дојчиноски“ до Стобекс |
| | „15ти Корпус“ | до „Ирина Гинова Мирка“ |

| | | |
|---|---|---|
| | „Железничка“ | од „Егејска“ до „8ми Март“ |
| | „Кленоец“ | од „Железничка“ до крај |
| | „Будва“ | |
| | „Винковачка“ | |
| | „Прилепска“ | до „Будва“ |
| | Рача | населба |
| | Свети Стефан | населба |
| | Исток | населба |
| | Коњско | населба |
| | Елшани | Вилска населба |
| | Пештани | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| | Трпејца | објекти на прва линија на езеро |
| | Љубаништа | покрај езеро |
| IX-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 160-200 бодови** | „Париска Комуна“ | |
| | „Партизански одреди“ | |
| | | околу Стобекс |
| | „Ристо Чадо“ | главна улица |
| | „15ти Корпус“ | од „Ирина Гинова Мирка“ до Лескоец |
| | „Ирина Гинова Мирка“ | |
| | „Живко Чинго“ | до отпад |
| | „Кленоец“ | краци |
| | „Српница“ | |
| | „Ивица Мартин“ | |
| | „Веле Марков“ | |
| | „Стив Наумов“ | краци |
| | „Крали Марко“ | главна улица |
| | „Железничка“ | од „8ми Март“ до крај |
| | „Прилепска“ | од „Будва“ до крај |
| | „8ми Март“ | Главна улица |
| | Чекоштина | од главен пат до Сончева порта |

| | | |
|---|---|---|
| | Велестово | објекти на главен пат |
| | Долно Коњско | село |
| | Елшани | периферија на Вилска населба |
| | Пештани | објекти кои не се на главен пат и се во централниот дел од селото |
| | Трпејца | село |
| | Љубаништа | вилска населба |
| X-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 125-150 бодови** | „Ристо Чадо“ | краци |
| | „I МУБ“ | од Стобекс до Рамне |
| | „Андреја Јованоски“ | |
| | „Руме Наумоски“ | |
| | „Александар Турунџев“ | |
| | „Живко Чинго“ | од отпад до крај |
| | Лескоец | објекти на главен пат |
| | „Крали Марков | краци |
| | „8ми Март“ | краци |
| | Чекоштина | објекти на периферија |
| | „Петрино“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | до „28 Април“ |
| | Рача | објекти на периферија на населба |
| | Велестово | село |
| | Долно Коњско | објекти на периферија на село |
| | Долно Шипокно | |
| | Пештани | објекти околу школото |
| | Трпејца | објекти на периферија на село |
| | Љубаништа | село |
| | Велгошти | објекти на главен пат |
| XI-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 105-120 бодови** | „Ѓорѓи Сугаре“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | од „28ми Април“ до крај |
| | „130“ | |
| | „6та Бригада“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | „28ми Април“ | |
| | Велгошти | објекти во споредни улици |
| | Лескоец | објекти кои не излегуваат на главен пат |
| | Подмоље | објекти на главен пат |
| | Елшани | објекти кои гравитираат околу школо |
| | Љубаништа | објекти на периферија |
| XII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 85-100 бодови** | Велгошти | објекти на периферија |
| | Лескоец | објекти на периферија на село |
| | Косел | објекти на главен пат |
| | Елшани | периферија на село |
| | Подмоље | објекти во споредни улици |
| XIII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 60-80 бодови** | Косел | објекти во внатрешност на село |
| | Подмоље | објекти на периферија |
| | Долно Лакочереј | |
| | Орман | |
| | Оровник | |
| XIV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 45-50 бодови** | Косел | објекти на периферија на село |
| | Горно Лакочереј | |
| | Рамне | |
| | Горно Коњско | |
| | Горно Шипокно | село |
| XV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 35-40 бодови** | Скребатно | |
| | Вапила | |
| | Сирула | |
| | Ливоишта | |

| | | |
|---|---|---|
| | Расино | |
| | Опеница | |
| | Куратица | |
| | Речица | |
| | Свињишта | |
| | Завој | |
| | Плаќе | |

**Член 3**

Бодовите по одредени зони се однесуваат на сите објекти, освен на помошните објекти и на гаражите.

**Член 4**

За населените места за кои не постои урбанистичка документација, а за кои се применуваат одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/2011...174/2021) и во согласност со ЗОУП („Сл.весник на РМ“ бр.124/2015) ќе се врши проценка според зонирањето на оваа одлука.

**Член 5**

Со влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 08 - 804/17 од 30.01.2023 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 830/8**
**30.01.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 - 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување локален акциски план за управување со отпад на општина Охрид за 2024 - 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.10.2024 година.

**Број 09- 830/20**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 21 и член 28 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр.216/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 - 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Охрид донесува Локален Акциски План за управување со отпад на општина Охрид за 2024 - 2025 година.

Локалниот акциски план е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-830/9**
**30.01.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Планот и програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на општина Охрид., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.10.2024 година.

**Број 09- 830/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2024 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15, 53/16, 65/23) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и начинот на водење на Регистарот на одобрени прифатилишта („Сл.весник на РМ“ бр.44/21), а со цел воспоставување на систем на контрола на популација на кучиња, со што би се намалил бројот на бездомните кучиња на нејзината територија, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2024 година, го донесе следниот:

**ПЛАН И ПРОГРАМА**
**ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА**
**НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**1.Вовед**

Програмата за решавање на проблемот со бездомнните животни- третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26,27,28,29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните( Службен весник на РМ бр.149/14;149/15 и 53/16) и обврските на општината кои произлегуваат од истиот закон. Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирање.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и оддржлив е препорачан хуманиот начин на

третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени или ако има интерес нивно вдомување.

Поточно, Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерлизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните, истите се враќаат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Сите кучиња кои ќе се вратат или вдомат се идентификуваат со микрочип а кучињата кои ќе се вратат на реонот дополнително се обележуваaат видливо со ушна маркица ( во согласност со актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните ). Сите податови се внесени цо ИСАХВ.

**2. Цел на програмата**

Главната цел на програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Охрид, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање /прилив на нови кучиња на улица преку спроведување на стратегијата „ залови- стерилизирај- вакцинирај- врати,, на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица.

**3. Предмет на програмата**

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат на територијата на Општина Охрид, за ефикасна контрола на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите на хумано третирање на бездомни кучиња на територијата на Општина Охрид ќе опфатат:

- заловување на кучињата;
- транспорт до прифатилиштето;
- прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина;
- лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, согласно актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните ( со кучиња позитивни на Лајшмнаниоза се постапува согласно наредбата )
- ветеринарно медицински третман на кучињата, оварихистерктомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- обележување со микрочип;
- враќање на заловените кучина на реонот на нивното заловување или вдомување на кучињата;
- Спроведување на тест за соцојализација на куче ( со кучињата нема да го положат тестот и кои ќе бидат прогласени за опасни се постапува во согласност со законските прописи од областа на заштитата и благосостојбата на животните );
- еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство;
- едукација и подигнување на јавната свест кај населението.
-

**4. Планирани активности**

За реализација на програмата, Ј.П.„Охридски Комуналец“ има склучено договор бр. 03-445/5 од 19.04.23 год со важност од една година, со Ветеринарна амбуланта ЗЕБРА Ветерина Доо, ул.„Битолска “ бр. 7, Демир Хисар. До Истекот на договорот, ќе се

спроведе нова тендерска постапка за која Агенцијата за храна и ветеринарсатво ќе биде известена кое е новото прифатилиште кое ќе ги врши активностите предвидени во програмата.

Лицата кои вршат заловување се обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување и не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња.

Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамка и мрежи за заловување, корпи - кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Транспортот од местото на заловување до стационарот, се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните.

- <u>Стационар и медицински третман</u>

Секое заловено животно се носи во прифатилиште за кучиња кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство ( прифатилиште кое е одобрено од АХВ ) , каде подложи на сите законски процедури како што се клинички преглед, хируршки зафат-стерилизација/кастрација, вакцинација, третман против екто и ендо паразитеи, доколку е неопходно лекување на животното итн. Секое животно е евидентирано/регистрирано во базата на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Прифатилштето ги задоволува пропишаните норми во Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестото за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содтжината на барањето за одобрување, како и начинот на водење на Регистарот на одобрени прифатилишта („Сл.весник на РМ“ бр.44/21). Со животните работат само ветеринарни лица и стручни лица кои сакаат животни, кои немаат страв или анимозитет кон животните, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животни. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо, хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. Согласно актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните на сите кучиња им се зема крв за лабораториско испитување за болеста Лајшманиоза, а со кучињата кои ќе бидат позитивни на болеста се постапува во согласност Годишна наредба за здравствена заштита на животните .

На сите кучиња им се спроведува тест за социјализација на куче од страна на лица овластени од АХВ. Со кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни се постапува согласно Законот за заѓтита и благосостојба на животните и соодветните подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон. Сите податоци се внесуваат во ИСАХВ.

<u>Стерилизација (оварИохистерктомија и орхиектомија)</u>

Стерилизација како најефикасната мерка спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3- 4 години целосно би се решил овој проблем на напуштени кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат- стерилизираат.

Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од ссодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот, животните се вакцинацинираат против беснило и се третираат против екто и ендопаразити.. Животните обележани со ушна маркица се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени. Кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни не можат да се вратат на реонот туку може само да се вдомат.

Вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучина. Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересирани граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски вебпортали, со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување на миленик.

Еутаназија

Еутаназија се вржи од страна и по проценка и одлука на доктор по ветеринарна медицина од прифатилиштето и во согласност со закон. Постапката на еутаназија се применува во случај:

1. Кога животното е заболено од заразна или паразитска билест која може са се пренесе на други животни и луѓе, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои висливо страдаат или стари и изнемошетени животни или
2. Кога животното е опасно односно нападнало човек или животно согласно членовите 30,31 и 32 од Законот за заштита и благосостојба на животните.

Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

Прифатилиштето има работно време со странки од 4 часа дневно во работните денови од вторник до петок и 8 часа во сабота.

Прифатилиштето има воспоставено 24-часовно дежурство со цел прием на животните во итни случаи.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нуспроизводи од животинско потекло во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

**5. Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Една од целите на оваа Програма е едукација и информирање на јавноста со активностите на истата. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни,

да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:
-Да се воведе концептот на одговорно сопствеништво, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
-Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
-Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
-Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;
-Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
-Да се поттикне волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорно вдомување;
-Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
-Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветни органи;
-Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улица).

**6. Обем на активности**

Општина Охрид во текот на 2024 година ќе спроведе Процена на популација на кучиња по усрановена методологија два пати годишно на пролет и на есен.

Во момметот проценуваме сека на територија на општина Охрид има околу 80 - 100 бездомни кучиња.

Општината предвидува интензитет на заловување и капацитет на сместување во прифатилиштето да ги исполнува условите за сместување на 10 бездомни кучиња.

Со оглед на примена на стратегијата „ залови – стерилизирај – вакцинирај – врати “ се очекува третмана на 80 – 100 кучиња годишно.

**7.Буџет и финансирање**

Активностите утврдени во табелата подолу ќе се финансираат од Буџетот на Јп.„Охридски Комуналец“ Охрид , во износ од 600.000,00 денари, Согласно Дофговорот бр.03445/5 од 19.04.23 год.

| Р.бр | Активност | Единица мерка | количина | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Заловување и транспорт до прифатилиште, враќање во реонот на заловување | број | 1 | 49,09 |
| 2. | Лабораториско испитување на Лајшманија | број | 1 | 276,51 |
| 3. | Вакцинирање против беснило | број | 1 | 99,85 |
| 4. | Стерилизација (кастрација ) за куче - машко | број | 1 | 230,43 |
| 5. | Стерилизација (овариоктомија) за куче женско | број | 1 | 384,04 |
| 6. | Дехелментизација ( обезпаразитување ) | број | 1 | 15,36 |
| 7. | Идентификација (микрочип и ушни | број | 1 | 107,53 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | маркици ) | | | |
| 8. | Еутаназија | број | 1 | 76,81 |
| 9. | Заловување и транспорт до прифатилиште, транспорт до депонија | број | 1 | 15,36 |
| 10. | Асистенција за заловување на агресивни кучиња бездомници со фаталка ( со вклучен превоз ) | број | 1 | 1,54 |
| 11. | Асистенција за заловување на агресивни кучиња бездомници со амазонка – дувалка со соодветен анестетик ( со вклучен превоз | број | 1 | 46,09 |
| 12. | Престој во прифатилиште од ден | број | 1 | 760,40 |
| Вкупна цена без ДДВ | | | 2.060,00 ден. | |

**8. План на реализирање на програмата**

Со планот ќе бидат опфатени сите урбани заедници на територија на општина Охрид каде ќе се реазлизира заловување. Тоа ќе се спроведува систематски во точно дефинирани термини(во работни саботи по два пати годишно во секоја урбана заедница). Во руралните средини ќе се интенвенира по повик, а во специјални случаи кои наметнуваат таква потреба ќе се интенвенира веднаш. Изведувачот на програмата е должен секоја година да изработува акциски план со календар за активности, во кој подетално ќе се прикажани планираните активности.

**План за заловување и третман на кучиња за 2024 год.**

| **Бр. реон** | **Име реон** | **Датум на акција** |
|---|---|---|
| **1.** | УЗ.1 Стар Град | Јануари, февруари, март и тековно по потреба |
| **2.** | Реон опфатен со границите на улиците Мк. Просветители, Партизанска, Димитар Влахов, Кеј Македонија, населба Охридати | Февруари, март, април и тековно по потреба |
| **3.** | УЗ.8 Билјанини Извори | Март, април, мај и тековно по потреба |
| **4.** | УЗ.12 Гоце Делчев (нас Бараки) | Април, мај, јуни и тековно по потреба |
| **5.** | УЗ.10 УЗ.6 Горна Влашка маала, населба Христо Узунов, Карабегомала | Мај, јуни, август и тековно по потреба |
| **6.** | УЗ.3 УЗ.4 населба Кошишта, Воска и Дањан | Јуни, јули, септември и тековно по потреба |

| | | |
|---|---|---|
| **7.** | УЗ.11 Видобишта | Септември, октомври, ноември и тековно по потреба |
| **8.** | УЗ.14 Радојца Новичиќ | Октомври, ноември, декември и тековно по потреба |

**9.Изведувач на програмата**

Според одлуката за комунален ред на општина Охрид (Сл. гласник бр.09/2013) Годишната програма ќе ја реализира Јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општина Охрид.

**10. Надзор над извршување на програмата**

Надзор над извршување на програмата ќе врши Одделението за комунални дејности основано од Општина Охрид. За спроведените активности на терен изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени до Одделението за комунални дејности основано од Општина Охрид и до Градоначалникот.

**11. Завршни одредби**

Овој План и Програма влегуваат во сила по добивањето на согласност од Агенцијата за храна и ветеринарство, изгласување на програмата од страна на Советот на општина Охрид и објавување во Службениот Гласник на Општина Охрид.

**Број 08-830/10**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.3 - ОПФАТ 5, КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД, 2014-2029

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.3 - опфат 5, КО Охрид 3, Општина Охрид, 2014-2029, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.10.2024 година.

**Број 09- 830/22**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став (2) и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 12/10, 18/11, 53,11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23), член 22 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.3 - ОПФАТ 5, КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД 2014-2029**

**Член 1**

Се утврдува Нацрт - ДУП за УЗ 2, дел од УБ 2.3-опфат 5, КО Охрид 3, Општина Охрид, 2014-2029.

**Член 2**

Површината на планскиот опфат на ДУП за УЗ 2, дел од УБ 2.3-опфат 5, КО Охрид 3, општина Охрид, 2014-2029, изнесува **0,85 ха**.

Границата на Деталниот урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.3-опфат 5, КО Охрид 3, Општина Охрид се движи по:

- **на Југ по осовината на сервисна улица „Димитар Влахов“**
- **на Запад по осовината на станбената улица „Мите Богоески“.**
- **на Север по осовината на станбената улица „1 “.**
- **на Исток по осовината на станбената улица „2 “.**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.3-опфат 5, КО Охрид 3, Општина Охрид, 2014-2029, со технички број 19/2023 од јануари 2024, изработен е од: Контрактор - Носител на планот, "НЈУ ВИЖЕН" доо Охрид и изработувач Човек и Простор, дооел Охрид содржи:

-планиран развој - текстуален дел и графички прилог и

-документациска основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.3-опфат 5, КО Охрид 3, Општина Охрид,2014-2029 се заверува со печат и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

НацртДеталниот урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.3-опфат 5, КО Охрид 3, Општина Охрид,2014-2029 се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.08-14758/19 од 04.10.2023 год.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-830/11**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 2.18 НА КП 1298/1 ВО КО ВЕЛГОШТИ ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ - „15 ТИ КОРПУС“ ВО ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување техничка исправка за ГП 2.18 на КП 1298/1 во КО Велгошти во ДУП за дел од МЗ - „15 ти Корпус“ во Охрид, Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.10.2024 година.

**Број 09- 830/23**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 2.18 НА КП 1298/1 ВО КО ВЕЛГОШТИ ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ – „15 ТИ КОРПУС“ ВО ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува техничка исправка за ГП 2.18 на КП 1298/1 во КО Велгошти во ДУП за дел од МЗ – „15 ти Корпус“ во Охрид, Општина Охрид (Одлука бр. 07-445/12 од 05.06.2002 год.), изработена од страна на ТД „НЈУ ВИЖЕН“ доо Охрид, со техн. Бр. 18/23 декември 2023 година, од системот е-урбанизам како број на постапка 58023.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Предлог за Техничка исправка со техн.бр. 18/23
- Позитивно мислење за Предлогот за техничка исправка од Комисија за урбанизам, бр.19-19072/2 од 26.12.2023 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава позитивно мислење за усвојување на техничката исправка за ГП 2.18 на КП 1298/1 во КО Велгошти во ДУП за дел од МЗ – „15 ти Корпус“ во Охрид, Општина Охрид, и истата ја доставува на донесување до Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-830/12**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГУБИ НА ВОДА СО ЗАМЕНА И ИСТАЛАЦИЈА НА МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ДАЛЕЧИНСКО ОТЧИТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на приоритет на Проектот за намалување на загуби на вода со замена и исталација на мерни инструменти за далечинско отчитување во општина Охрид,што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.10.2024 година.

**Број 09- 830/24**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГУБИ НА ВОДА СО ЗАМЕНА И ИСТАЛАЦИЈА НА МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ДАЛЕЧИНСКО ОТЧИТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Охрид **УТВРДУВА ПРИОРИТЕТ** на **"Проектот за намалување на загуби на вода со замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во Општина Охрид".**

**Член 2**

Општина Охрид приоритетот од член 1 од оваа Одлука го утврдува со цел подобрување на водената инфраструктура на општина Охрид а врз основа на извршените согледувања и анализи на загубите на вода на територија на опщтина Охрид .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-830/13**
**30.01.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека врз основа на член 58 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 и 279/20), а решавајќи по барањето Уп.1 бр. 20 -725 од 15.09.2023 год поднесено од Фортуна –Ел – М-Т ДООЕЛ Охрид со адреса на Ул.„1-ва Македонска Ударна Бригада“ бр.43 Охрид и Наум Карамачоски од Охрид ул.„Марко Несторoски“ бр. 206, им одобрува изградба на објект на А1 –домување во станбена куќа градба од Втора категорија со катност По+Пр на Г.П. 12.2.6 (локација на дел од Кп.бр. 9984/1 и дел од КП.бр. 9984/4 во КО Охрид 2) согласно Извод бр.20-2212/2 од 28.02.2020 год. ДУП за 6-та Урбана Заедница дел од Урбан Блок 6.1 за што е издадено Одобрение за градење Уп.1 бр. 20-725 од 03.01.2024 година.

Согласно член 62- а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издаденото одобрение.

Од податоците добиени од АКН Охрид како соседи се јавуваат лицата **Лидија Танеска и Виолета Танеска и двете во Австралија.**

Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрениа за градба на непосредните соседи во наредните 15 денови од објавата со цел вршење на увид во предметите или изјавување Жалба против издаденото одобрение до Министерството за транспорт и врски. Доколку во горенаведениот рок не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник Раководител на Сектор**
**Кирил Илоски,с.р.**